

Фонд за здравствено осигурување на Македонија

Сектор за фармација

Годишен извештај

Потрошувачка на лекови на рецепт на товар на ФЗОМ во ПЗУ аптеки во 2016 година

Скопје, март 2017 година

ФЗОМ

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

www.fzo.org.mk

Потрошувачка на лекови на рецепт на товар на ФЗОМ во ПЗУ аптеки во 2016 година

Содржина

Вовед 2

1. Потрошувачка на лекови на рецепт на товар на ФЗОМ и по АТС групи на лекови 3

1.1 Потрошувачка на лекови според АТЦ група по бројот на реализирани рецепти 3

1.2 Потрошувачка на лекови од примарната Листа на лекови според ДДД на 1000 осигуреници на ден 6

1.3 Потрошувачка на лекови од примарната Листа на лекови по фактурирани износи од ПЗУ аптеки 8

2. Потрошувачка на лекови на рецепт во 2016 година според АТС ниво III (трето ниво) 10

3. Потрошувачка на лекови на рецепт според АТС ниво V (петто), 2016 година.....13

4. Потрошувачка на лекови според старосни групи на осигуреници и вид на терапија (А/Х/Н) 17

5. Потрошувачка на лекови на рецепт на товар на Фондот по подрачни служби 19

6. Потрошувачка на лекови на рецепт на товар на ФЗОМ по региони 24

7. Топ 10 лекови по ФЗО подрачни служби во 2016 година.....26

8. Потрошувачка на лекови кои се обезбедени без доплата од осигурениците 27

9. Потрошувачка на скапи лекови на рецепт на товар на Фондот 29

10. Потрошувачка на лекови за трансплантирани органи по Програма на Влада на РМ 30

11. Потрошувачка на лекови пропишани од лекари во дежурна лекарска служба.....31

12. Потрошувачка на лекови од групата на антибиотици и анксиолитици 33

13. Генерален заклучок.....35

Вовед

Согласно Законот за здравствено осигурување, Фондот за здравствено осигурување на Македонија е купувач на здравствени услуги во кои се вклучени и лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ (во понатамошниот текст: Листа на лекови).

Листата на лекови содржи генерички имиња на лекови со одредена фармацевтска дозажна форма во јачини на лекот кои се одобрени за промет во Република Македонија согласно законските прописи. ФЗОМ согласно законските прописи утврдува референтна цена за лек од Листата на лекови која всушност е максимален износ кој што Фондот го надоместува за одреден лек (генерика со фармацевтска форма и јачина) и тој износ е еднаков по единица лек (таблета, капсула, др.) без оглед на производителот.

Во 2016 година, референтни цени се утврдени за 427 лекови по генерика со соодветна фармацевтска форма и јачина од Листата на лекови за примарна здравствена заштита и за 355 генерики со форма и јачина за болничката здравствена заштита, или тоа се вкупно 782 генерики за кои ФЗОМ има утврдена референтна цена.

Бројот на готови лекови по заштитено име од различни производители за кои ФЗОМ има утврдена референтна цена во 2016 година достигна вкупно 1210 лекови за примарна здравствена заштита (лекови кои можат да се подигнат на рецепт на товар на ФЗОМ во аптека) и за уште 763 лекови од болничката Листа на лекови. Оттука, вкупно 1973 готови лекови по заштитено име имале утврдена референтна цена од Фондот во 2016 година, што опфаќа околу половина од вкупниот број регистрирани лекови во Република Македонија.

На примарно ниво на здравствената заштита, осигуреникот своето право за лек на рецепт на товар на ФЗОМ го остварува во аптеките врз основа на пропишан рецепт од избран лекар согласно законските прописи и договорните одредби. Фондот обезбедува лекови на рецепт за осигурениците преку ПЗУ аптеките кои имаат склучен Договор со Фондот за регулирање на односите помеѓу Фондот за здравствено осигурување на Македонија и здравствената установа за начинот на плаќање на здравствените услуги со кои се врши обезбедување на осигурените лица со лекови на рецепт од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот во примарната здравствена заштита. Во 2016 година бројот на аптеки со кои Фондот имал склучен Договор достигна 776 аптеки за обезбедување на осигурениците со лекови од Листата на лекови на товар на Фондот во примарна здравствена заштита.

ПЗУ Аптеките кои имаат активен договор со Фондот до надлежната подрачна служба од вкупно 30те подрачни служби на Фондот, еднаш месечно доставуваат фактури за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови, во електронска форма и хартиена форма заедно со пропратна документација согласно Договорот и Техничкото упатство на Фондот за аптеките. Врз основа на податоците за реализирани рецепти за лекови кои ФЗОМ ги добива од аптеките преку електронскиот систем, се прават анализи и се следи потрошувачката на лекови во изминатите 8 години. Овој извештај е изготвен врз основа на податоци добиени на ден 12.01.2017 година од информатичкиот сиситем на ФЗОМ.

Со електронските контроли врз доставените фајлови од аптеките до Фондот за реализираните рецепти за лекови на товар на ФЗОМ, за невалидни се детектирани 0,08% од вкупниот број на рецепти, додека по мануелната контрола процентот на невалидни рецепти изнесува 0,11%. Вкупно за невалидни рецепти со контролите во 2016 година се детектирани 43.332 рецепти или 0,19% од вкупниот број реализирани рецепти за лекови на товар на ФЗОМ.

1. Потрошувачка на лекови на рецепт на товар на ФЗОМ и по АТС групи на лекови

Осигурениците на Фондот се снабдени со лекови на рецепт на товар на Фондот, а на доброто снабдување со лекови влијаат повеќе фактори:

- ✓ зголемувањето на буџетот на Фондот наменет за лекови на рецепт,
- ✓ ре/диструбуцијата на финансиските лимити (квотите) за аптеките,
- ✓ зголемениот број на аптеки во мрежата на здравствени установи,
- ✓ ревидирањето на референтните цени на лекови,
- ✓ зголемениот број на лекови кои се достапни на товар на ФЗОМ во аптеките,
- ✓ бројот на лекови кои се издаваат надвор од квотите на аптеките т.н. скапи лекови,
- ✓ пропишувачките навики на лекарите,
- ✓ структурата и потребите на населението,
- ✓ друго.

Потрошувачката на лекови на рецепт на товар на ФЗОМ во периодот од 2013 до 2016 година е прикажана во Табелата 1 од овој извештај, од каде може да се види континуиран пораст и на бројот на реализирани рецепти и на вкупниот фактуриран износ за лекови на товар на ФЗОМ од ПЗУ аптеките.

Табела 1. Број на реализирани рецепти и износи, 2013 - 2016 година

Година	2013	2014	2015	2016	*Индекс 2014/2013*	*Индекс 2015/2014*	*Индекс 2016/2015*	*Индекс 2016/2013*
Број на рецепти	17.822.132	19.385.458	21.129.626	22.274.288	*1,09*	*1,09*	*1,05*	*1,25*
Вкупен износ (денари со 5% ДДВ)	2.123.979.166	2.263.253.158	2.425.655.134	2.626.120.318	*1,07*	*1,07*	*1,08*	*1,24*

Во 2016 година се реализирани 5% повеќе рецепти, а вкупниот фактурирани износ до ФЗОМ од аптеките е за 8% поголем во однос на 2015 година. Споредено со 2013 година, во 2016 година бројот на рецепти е поголем за 25%, а износите се поголеми за 24%.

1.1 Потрошувачка на лекови според АТЦ група по бројот на реализирани рецепти

Споредувањето на потрошувачката на лекови по групи на лекови согласно меѓународната АТЦ класификација на лекови на СЗО на прво ниво, е прикажано во табелите подолу.

Во Табелата 2 е дадена потрошувачка на лекови на рецепт по број на реализирани рецепти во аптеките за периодот 2014 - 2016 година.

Табела 2. Број на реализирани рецепти по АТС прво ниво, 2014 – 2016 година

	АТЦ група на лекови	2014 година	2015 година	2016 година	Удел за 2016 година	Разлика 2016/2015 (%)	Разлика 2016/2014 (%)
1	A Лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот	2.412.332	2.685.245	2.986.631	13,41%	11,22%	23,81%
2	B Лекови кои делуваат на крвта и крвотворните органи	223.435	297.196	326.798	1,47%	9,96%	46,26%
3	C Лекови кои делуваат на срце и крвни садови	8.496.858	9.224.103	9.667.480	43,40%	4,81%	13,78%
4	D Дерамтолошки лекови	222.309	237.026	244.040	1,10%	2,96%	9,78%
5	G Лекови кои делуваат на генитоуринарен тракт и полови хормони	606.056	658.010	704.868	3,16%	7,12%	16,30%
6	H Лекови со дејство на жлездите со внатрешно лачење со исклучок на полови хормони и инсулин	270.383	291.225	322.832	1,45%	10,85%	19,40%
7	J Антиинфективни лекови за системска употреба	1.927.216	1.936.553	1.969.083	8,84%	1,68%	2,17%
8	L Антинеопластични и имуномодулаторни лекови	56.564	54.657	51.950	0,23%	-4,95%	-8,16%
9	M Лекови со дејство на коскено мускулен систем	979.109	1.056.123	1.108.458	4,98%	4,96%	13,21%
10	N Лекови со дејство на ЦНС	2.847.133	3.249.887	3.370.712	15,13%	3,72%	18,39%
11	P Лекови за лекување на инфекции предизвикани со паразити	25.876	24.212	24.371	0,11%	0,66%	-5,82%
12	R Лекови за третман на болести на респираторен систем	963.107	1.031.887	1.082.511	4,86%	4,91%	12,40%
13	S Лекови кои делуваат на сензорни органи	354.043	379.207	406.203	1,82%	7,12%	14,73%
14	V Останато	1.037	4.295	8.351	0,04%	94,44%	705,30%
	Вкупно рецепти	**19.385.458**	**21.129.626**	**22.274.288**	**100,00%**	**5,42%**	**14,90%**

Од Табелата 2 може да се забележи дека:

- Први по потрошувачката во 2016 година се повторно лековите од АТЦ групата С–лекови за кардиоваскуларниот систем, кои учествуваат во вкупниот број рецепти со 43,4%. Процентот на пораст на бројот на реализирани рецепти за лековите од оваа АТЦ група во однос на 2015 година изнесува 4,8%. Од оваа група, лекови на рецепт на товар на ФЗОМ подигнале 25,09% од вкупниот просечен број на осигуреници.

- Втори по потрошувачка се лековите со дејство на централниот нервен систем. Порастот на бројот на реализирани рецепти за оваа група во 2016 година е за приближно 4 пати помал од порастот забележан во 2015 година и изнесува 3,72 %. Учеството на оваа група лекови во вкупната потрошувачка според бројот на рецепти е околу 15%. 22,32% од вкупниот просечен број на осигуреници подигнале лекови од оваа група.


- На трето место според бројот на реализирани рецепти за 2016 година, се лековите од АТЦ групата А - лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот, со значителен раст од околу 11% раст во 2016 година споредено со претходната година. Лекови од оваа група во 2016 година подигнале на товар на ФЗОМ 22,07% осигуреници.

- Потрошувачката на антиинфективните лекови за системска употреба, АТЦ групата J, кои се наоѓаат на четврто место според бројот на реализирани рецепти, е зголемена за околу 1,7% во однос на 2015 година. Од оваа група, на рецепт на товар на ФЗОМ лекови, подигнале 45,3% од вкупниот просечен број на осигуреници.

- Намалување на бројот на реализирани рецепти има само кај АТЦ групата L - Антинеопластични и имуномодулаторни лекови и тоа за ~5%.

- Најголем пораст во потрошувачката на лекови за анализираниот период се забележува кај АТЦ групата V од околу 94,4% (двојно), а тоа е за безглутенските препарати-брашно и млеко заради зголемениот број на осигуреници кои ги подигаат истите на рецепт на товар на ФЗОМ (0,01% од вкупниот просечен број на осигуреници) (Графикон 1).


Графикон 1. Споредба на потрошувачката по АТЦ групи на лекови по рецепти, 2012-2016 година



Најпотрошувани лекови во 2016 година на АТС[1] прво ниво се лековите од С групата (лекови кои делуваат на кардиоваскуларниот систем) и тоа по број на реализирани рецепти, по број на ДДД/1000 осигуреници/ден и по износи.

Во Графиконот 2 дадено е учеството на реализираните рецепти по АТС група прво ниво во вкупниот број на реализирани рецепти во 2016 година.

Графикон 2. Учество на реализирани рецепти по АТС групи на лекови, прво ниво, во вкупниот број на рецепти за 2016 година




[1] АТЦ Групи на лекови, прво ниво:

A - лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот; **B** - лекови кои делуваат на крвта и крвотворните органи; **C** - лекови кои делуваат на срце и крвни садови; **D** - дерматолошки лекови; **G** - лекови кои делуваат на генитоуринарниот тракт и полови хормони; **H** - лекови со дејство на жлездите со внатрешно лачење со исклучок на полови хормони и инсулин; **J** - антиинфективни лекови за системска употреба; **L** – антинеопластични и имуномодулаторни лекови; **M** - лекови со дејство на коскено - мускулен систем; **N** -лекови со дејство на ЦНС; **P** - лекови за лекување на инфекции предизвикани со паразити; **R** - лекови за третман на болести на респираторен систем; **S** - лекови кои делуваат на сензорни органи; V – останато

Споредбата на бројот на реализирани рецепти по АТС прво ниво по квартали за 2016 година покажува дека кај десет од четиринаесет АТЦ групи на лекови најмногу рецепти се реализирале во четвртиот квартал на 2016 г, исклучок се АТС групите R, B, D, S (Графикон 3).

Графикон 3. Број на реализирани рецепти по АТС прво ниво по кавртали, 2016 година



1.2 Потрошувачка на лекови од примарната Листа на лекови според ДДД на 1000 осигуреници на ден

Потрошувачката на лекови најдобро може да се оцени преку параметарот за оценка на користењето на лекови по бројот на дефинирани дневни дози (ДДД) на 1000 осигуреници на ден, а заради тоа што готовите лекови имаат различни дози/јачини (на пример, 10мг или 20мг во таблета) и различни пакувања (со 20 или 30 таблети во пакување). Во 2016 година се бележи пораст на потрошувачката на лекови по дневни дефинирани дози на 1000 осигуреници на ден кај речиси сите 14 групи на лекови, а исклучок се лекови од АТЦ групата L (антинеопластични и имуномодулаторни лекови) и кај лековите за лекување на инфекции предизвикани со паразити (АТЦ група P) (Табела 3).


Табела 3. Број на ДДД/1000осигуреници/ден, АТЦ прво ниво, 2014–2016г.

АТЦ група на лекови	2014 година	2015 година	2016 година	Разлика 2016/2015 (%)	Разлика 2016/2014 (%)
A Лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот	50,9	74,4	80,4	8,0%	57,8%
B Лекови кои делуваат на крвта и крвотворните органи	5,3	9,5	10,4	9,7%	94,3%
C Лекови кои делуваат на срце и крвни садови	321,6	346,3	354,7	2,4%	10,3%
D Дерамтолошки лекови	/	/	/	/	/
G Лекови кои делуваат на генитоуринарен тракт и полови хормони	20,6	22,7	24,4	7,5%	18,6%
H Лекови со дејство на жлездите со внатрешно лачење со исклучок на полови хормони и инсулин	9,5	10,5	11,0	5,3%	15,7%
J Антиинфективни лекови за системска употреба	19,6	19,85	20,2	1,5%	2,9%
L Антинеопластични и имуномодулаторни лекови	1,3	1,3	1,2	-6,6%	-9,0%
M Лекови со дејство на коскено мускулен систем	24,8	26,6	27,2	2,1%	9,7%
N Лекови со дејство на ЦНС	61,8	70,7	72,4	2,3%	17,0%
P Лекови за лекување на инфекции предизвикани со паразити	0,2	0,2	0,2	-2,6%	-7,8%
R Лекови за третман на болести на респираторен систем	25,2	27,2	28,1	3,3%	11,5%
S Лекови кои делуваат на сензорни органи	2,1	2,3	2,4	6,3%	17,0%
V Останато	/	/	/	/	/


Напомена: Одредени лекови од АТЦ групите D и S, но и во други случаи, немаат дефинирани дневни дози од СЗО и таквите лекови не се опфатени во овие споредби.

Споредбата на потрошувачката по број на дефинирани дневни дози (ДДД) на 1000 осигуреници на ден покажува дека на прво место, исто како и според бројот на реализирани рецепти и вкупните фактурирани износи, се лековите од АТЦ групата С – лекови за кардиоваскуларниот систем, на второ место лековите од АТЦ групата А - лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот и на трето место се лековите со дејство на ЦНС (АТЦ група N)(Графикон 4 и 5).

Графикон 4. Споредба на потрошувачката по АТЦ групи на лекови по ДДД/1000 ос./ден, 2014-2016 г.




Графикон 5. Број на ДДД/1000 осигуреници/ден по АТС прво ниво, 2016 година



Бројот на ДДД/1000осигуреници/ден е најголем во четвртиот квартал кај сите АТС групи, со исклучок на лековите за третман на болести на респираторен систем (АТС R) (Графикон 6).

Графикон 6. ДДД/1000 ос./ден по АТС прво ниво по квартали, 2016 година



1.3 Потрошувачка на лекови од примарната Листа на лекови по фактурирани износи од ПЗУ аптеки

Вкупната потрошувачка на лекови од година во година континуирано се зголемува, што се гледа и од фактурираните износи за лекови на рецепт на товар на ФЗОМ од аптеките до Фондот, кои се прикажани во Табелата 4 од овој извештај и се однесуваат за периодот 2014 -2016 година.

Намалување на вкупниот фактуриран износ за лекови во 2016 година се забележува кај АТЦ групата L (антинеопластични и имуномодулаторни лекови) од околу -4,34%, и за АТЦ група P - лекови за инфекции предизвикани од паразити намалувањето е од -1,53%. За сите останати 12 АТЦ групи на лекови, во 2016 година се евидентирани поголеми износи од претходно.


Во 2016 година највисок износ се забележува кај АТЦ групата C - лекови за кардиоваскуларниот систем. Оваа група учествува со околу 27,34% во вкупниот фактуриран износ за лекови на рецепт. За разлика од претходната година кога лековите со дејство на ЦНС (АТЦ група N) беа на второ место според фактурираниот износ, во 2016 година на второ место се лековите од групата R, односно лекови за третман на болести на респираторен систем. Процентот на средствата за лековите од групата R во вкупните средства за лекови изнесува 15,27%. Лекови за третман на болести на респираторен систем на рецепт на товар на ФЗОМ подигнале околу 15% од вкупниот просечен број на осигуреници.

Табела 4. Вкупни износи по АТС групи на лекови, прво ниво, 2014 – 2016 година


АТЦ група на лекови	2014 година	2015 година	2016 година	Удел за 2016 год.	Разлика 2016/2015 (%)	Разлика 2016/2014 (%)
A Лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот	200.667.129	221.867.789	251.147.269	9,56%	13,20%	25,16%
B Лекови кои делуваат на крвта и крвотворните органи	20.083.388	34.997.903	41.544.011	1,58%	18,70%	106,86%
C Лекови кои делуваат на срце и крвни садови	635.321.585	672.825.866	717.985.093	27,34%	6,71%	13,01%
D Дерамтолошки лекови	24.793.766	26.522.703	27.464.716	1,05%	3,55%	10,77%
G Лекови кои делуваат на генитоуринарен тракт и полови хормони	168.962.294	187.693.893	206.521.190	7,86%	10,03%	22,23%
H Лекови со дејство на жлездите со внатрешно лачење со исклучок на полови хормони и инсулин	31.428.388	31.996.759	33.400.918	1,27%	4,39%	6,28%
J Антиинфективни лекови за системска употреба	318.485.359	306.269.428	318.630.472	12,13%	4,04%	0,05%
L Антинеопластични и имуномодулаторни лекови	38.172.436	39.877.531	38.147.514	1,45%	-4,34%	-0,07%
M Лекови со дејство на коскено мускулен систем	101.764.942	110.653.849	117.361.871	4,47%	6,06%	15,33%
N Лекови со дејство на ЦНС	346.867.441	365.161.631	397.636.685	15,14%	8,89%	14,64%
P Лекови за лекување на инфекции предизвикани со паразити	2.056.796	2.040.891	2.009.617	0,08%	-1,53%	-2,29%
R Лекови за третман на болести на респираторен систем	313.121.384	358.901.015	400.958.017	15,27%	11,72%	28,05%
S Лекови кои делуваат на сензорни органи	61.302.464	65.937.849	71.547.254	2,72%	8,51%	16,71%
V Останато	225.786	908.027	1.765.692	0,07%	94,45%	682,02%
Вкупно (денари)	**2.263.253.158**	**2.425.655.134**	**2.626.120.318**		**8,26%**	**16,03%**

Лековите кои делуваат на ЦНС (АТЦ група N) се наоѓаат на трето место според фактурираните износи и учествуваат со околу 15% во вкупните средства за 2016 година. (Графикон 7 и 8).

Графикон 7. Споредба на потрошувачката на лекови по АТЦ групи по вкупни износи, 2012-2016 год




Графикон 8. Учество на вкупните износи на групите на лекови во вкупниот износ за 2016 година



Во четвртиот квартал од 2016 година се фактурирани повисоки износи за лекови на рецепт во споредба со другите квартали од годината од сите АТС групи, со исклучок на лековите кои делуваат на сензорни органи (АТС S) и дерматолошките лекови (АТС D).

Графикон 9. Вкупни износи по АТС прво ниво по кавртали, 2016 година



2. Потрошувачка на лекови на рецепт во 2016 година според АТС ниво III[2]

На АТС трето ниво, исто како и претходните години, најпотрошувани лекови по број на рецепти се АЦЕ инхибиторите - Инхибитори на ангиотензин конвертирачкиот ензим (АТС код С09А) со удел од ~14% во вкупната потрошувачка на лекови, а по нив се лековите кои делуваат на централниот нервен систем– анксиолитиците (АТС код N05B) со околу 9% удел во вкупната потрошувачка, а Бета-блокаторите (АТС код С07А) се наоѓаат на трето место по потрошувачка по број на рецепти со удел од околу 7% (Табела 5).


Табела 5. Број на реализирани рецепти по АТЦ ниво III лекови и удели, 2016 година

Р.бр.	АТС ниво трето	Број на рецепти	Удел во вкупен број на рецепти (%)	% осигуреници
1	С09А - АЦЕ инхибитори	3.032.572	13,61%	14,00%
2	N05B-анксиолитици	1.964.441	8,82%	17,84%
3	С07А- бета блокатори	1.531.381	6,88%	10,07%
4	А10В- антидијабетици	1.457.448	6,54%	5,45%
5	А02В- лекови за пептичен улкус	1.248.492	5,61%	14,32%
6	С10А- модифицирачки средства за маснотии во крв	1.134.289	5,09%	9,36%
7	М01А- антивоспалителни и анти ревматски лекови	947.959	4,26%	16,30%
8	J01C- бета лактамски антибактериски лекови	820.203	3,68%	26,60%
9	С04А- периферни вазодилататори	819.401	3,68%	3,33%
10	С08С- селективни блокатори на калциумови канали	756.183	3,39%	5,55%
	Вкупно АТЦ трето ниво - Топ 10	**13.712.369**	**61,56%**	
	Вкупно АТЦ ниво трето- останати лекови	**8.561.919**	**38,44%**	
	Вкупно	**22.274.288**	**100%**	


Првите десет најпотрошувани групи на лекови по трето ниво на АТС класификација, исто како и во 2015 година, опфаќаат ~62% од вкупната потрошувачка на лекови во 2016 година (Графикон 10).

[2] **АТС подгрупи на лекови** - ниво III: А02В-Лекови за пептичен улкус и гастроезофагеален рефлукс; А10В-Антидијабетици; С04А- Периферни вазодилататори; С07А-Бета блокатори; С08С-Селективни блокатори на калциумови канали; С09А-АЦЕ инхибитори; С09С-Ангиотензин II антагонисти; С10А-Модифицирачки средства за маснотии во крв; G04C-Лекови за бенигна хипертрофија на простата; J01C-Бета лактамски антибактериски лекови, пеницилини; J01D-Други бета лактамски антибактериски лекови; М01А-Антивоспалителни и анти ревматски лекови, нестероидни; N05B-Анксиолитици; N06A-Антидепресиви; R03A-Адренергици, инхалации; R03B-Други лекови за обструкција на дишните патишта.


Графикон 10. Приказ на уделот на потрошувачката на топ 10 лекови и останати лекови во вкупната потрошувачка на лекови по број на рецепти, АТЦ ниво III, 2016 година



Графикон 11. Број на реализирани рецепти за топ 10 лекови, АТЦ ниво III, квартали 2016 година




Графикон 12. Топ 10 по број на ДДД/1000/ден по АТС ниво III, 2016 година



Анализирано според број на ДДД/1000 ос./ден, првите три најпотрошувани групи на лекови се лекови со дејство на кардиоваскуларниот систем и тоа на прво место, исто како и според бројот на реализирани рецепти се наоѓаат АЦЕ инхибиторите со 134,27 единици дневно дефинирани дози на 1000 осигуреници на ден што речиси идентично во однос на истиот период лани (+0,05%), на второ место се лековите кои го намалуваат нивото на серумските липиди (C10A- статини) со 69,34 единици дневно дефинирани дози на 1000 осигуреници

на ден (зголемување од 9%), додека на трето место се групата на селективни блокатори на калциумови канали (C08C) со 41,82 единици на дневно дефинирани дози на 1000 осигуреници на ден (Графикон 12).

Графикон 13. Број на ДДД/1000 ос/ден за топ 10 лекови по АТЦ3 ниво, квартали 2016 година




Според вкупните износи на прво место се наоѓаат лековите кои го намалуваат нивото на серумските липиди (C10A) и опфаќаат 9% од вкупниот фактуриран износ за издадени лекови на рецепт. На второ место се адренергичните лекови (инхалатори) кои во вкупниот фактуриран износ за лекови на товар на ФЗОМ во 2016 година учествуваат со 7%, а на трето место се лековите наменети за третман на бенигна хипертрофија на простатата (G04C) со учество од 7%. Првите десет групи на лекови до трето ниво на АТЦ класификација според вкупните износи се истите како и во 2015 година (Табела 6).

Табела 6. Потрошувачка на лекови по износи (АТЦ ниво III), 2016 година


Р.бр	АТС подгрупи на лекови, трето ниво	Износ (денари)	Удел во вкупен износ (%)	% осигуреници
1	C10A – модифицирачки средства за маснотии во крв	238.496.100	9%	9,36%
2	R03A – адренергици, инхалации	186.034.929	7%	4,22%
3	G04C – лекови за бенигна хипертрофија на простата	174.866.588	7%	2,62%
4	R03B – други лекови за опструкција на дишните патишта	142.427.792	5%	1,84%
5	J01D – други бета-лактамски антибактериски лекови	111.625.312	4%	15,86%
6	J01C – бета-лактамски антибактериски лекови	110.078.099	4%	26,60%
7	A10B - антидијабетици	108.648.658	4%	5,45%
8	C07A - бетаблокатори	99.741.028	4%	10,07%
9	C09A – АЦЕ инхибитори	93.801.115	4%	14,00%
10	N06A - антидепресиви	82.188.494	3%	3,32%
	Вкупно АТЦ ниво трето- Топ 10	1.347.908.115	51%	
	Вкупно АТЦ ниво трето- останати лекови	1.278.212.202	49%	
	Вкупно	**2.626.120.318**	**100%**	

Од Графиконот 14 подолу, на кој е прикажан уделот на десетте најпотрошувани лекови и на останатите лекови на товар на ФЗОМ по вкупен износ, може да се забележи дека топ 10 лековите по вкупен износ зафаќаат 51% од вкупните средства за лекови за примарна здравствена заштита, што е за 1% повеќе од претходната година, а другите 49% од средствата отпаѓаат на останатите лекови.

Графикон 14. Приказ на уделот на потрошувачката на топ 10 лекови и останати лекови во вкупната потрошувачка на лекови по вкупен износ, АТЦ ниво III, 2016 година



Графикон 15. Вкупни износи за топ 10- те лекови по АТЦ ниво III по квартали, 2016 година



3. Потрошувачка на лекови на рецепт според АТС ниво V (петто), 2016 година

Во 2016 година во десетте најпотрошувани лекови според бројот на реализирани рецепти влегуваат истите лекови како и во 2015 година со исклучок на diclofenac кои во 2016 година не е во првите 10 лека, а на негово место е лекот losartan кој спаѓа во групата на ангиотензин II рецептор антагонисти. Најкористен лек во периодот од 2016 година, како и во претходните години е лекот enalapril со вкупно 2.038.547 реализирани рецепти што претставува 9,15% од вкупно реализирани рецепти или околу 4,4% повеќе во однос на истиот период 2015 година. Овој лек спаѓа во групата кардиолошки лекови кои делуваат на ренин-ангиотензин системот наменет за терапија на покачен крвен притисок.

Останатите лекови кои влегуваат во 10-те најкористени лекови се исти како и претходната година, со разлика во позицииите на кои се наоѓаат некои лекови. Така на пример, лекот metformin (за зголемено ниво на шеќер во крвта) кој во 2015 година бил на четврто место, во 2016 година се наоѓа на второ место според бројот на реализирани рецепти со приближно 5% учество во вкупниот број на реализирани рецепти, додека лекот diazepam (анксиолитик) се наоѓа на трето место во 2016 година за разлика од 2015 година кога бил на второ место според бројот на реализирани рецепти, во 2016 година овој лек опфаќа 4,8% од вкупниот број реализирани рецепти. Слична ситуација има и кај лекот lisionopril (за покачен крвен притисок), кои во 2016


година се наоѓа на четврто место со 4,5% учество во вкупниот број на реализирани рецепти за разлика од истиот период 2015 година кога бил на трето место.

Во првите десет најпотрошувани лекови се вбројуваат и лековите: pentoxyfilline (за периферна циркулација, 4%), bisoprolol (за покачен крвен притисок, 4%), atorvastatin (за зголемено ниво на масти во крвта 3%), hydrochlorothiazide (диуретик, 3%), ranitidine (против желудочни тегоби/киселини, 3%) прикажано во Табела 7 и График 6 од каде може да се забележи дека околу 42% од вкупниот број на реализирани рецепти припаѓа на десетте најпотрошувани генерички лекови на товар на ФЗОМ.

Табела 7. Број на реализирани рецепти по АТЦ ниво V лекови и удел за број рецепти, 2016 година


	АТЦ код	Генеричко име на лекот	Број на рецепти	Удел во вкупен број на рецепти	% осигуреници
1	C09AA02	Enalapril	2.038.547	**9,15%**	**9,52%**
2	A10BA02	Metformin	1.089.531	**4,89%**	**4,94%**
3	N05BA01	Diazepam	1.073.304	**4,82%**	**11,66%**
4	C09AA03	Lisinopril	994.025	**4,46%**	**4,97%**
5	C04AD03	Pentoxifylline	819.401	**3,68%**	**3,33%**
6	C07AB07	Bisoprolol	810.147	**3,64%**	**5,90%**
7	C10AA05	Atorvastatin	692.063	**3,11%**	**5,90%**
8	C03AA03	Hydrochlorothiazide	622.299	**2,79%**	**5,58%**
9	A02BA02	Ranitidine	590.606	**2,65%**	**7,02%**
10	C09CA01	Losartan	590.236	**2,65%**	**3,11%**
Вкупно АТЦ ниво V - Топ 10			9.320.159	**41,84%**	
	Вкупно АТЦ ниво V - останати лекови		12.954.129	**58,16%**	
		Вкупно	**22.274.288**	**100,0%**	

Графикон 16. Удели во вкупна потрошувачкана лекови по број на рецепти, АТЦ ниво V, 2016 година




Споредувано по квартали потрошувачката на 10-те најпотрошувани лекови е најголема во четвртиот квартал од 2016 година, со исклучок на lisinopril и pentoxyfilline за кои најмногу реализирани рецепти има во вториот квартал (Графикон 17) .

Графикон 17. Реализирани рецепти за топ 10- те лекови по АТЦ ниво V по квартали, 2016 година




Првите десет најпотрошувани лекови по генерика според ДДД/1000/ден за 2016 година како и нивната потрошувачка по кавартали се дадени во Графиконот 18 и 19.

Графикон 18. АТС ниво V - Топ 10 лекови по ДДД/1000 осигуреници/ден




Графикон 19. ДДД/1000 ос./ден за топ 10- те лекови по АТЦ ниво V по квартали, 2016 година



Во графиконот 20 прикажани се десетте лекови кај кои се забележува најголем пораст на потрошувачката по ДДД/1000осигуреници/ден во 2016 година во однос на 2015 година.

Графикон 20. Приказ на 10-те лека со најголемо зголемување во потрошувачката по ДДД/1000ос./ден



По АТС петто ниво, како и претходните години, на прво место според вкупниот фактуриран износ е генериката Atorvastatin со вкупно 133,02 милиони денари, што претставува околу 5% од вкупниот износ за лекови и воедно бележи зголемување од околу 10,5 % во однос на износот за овој лек фактуриран минатата година. Овој лек спаѓа во групата на кардиолошки лекови кои го намалуваат нивото на серумски липиди. На второ место во 2016 година е генериката Tamsulosin од групата G-лекови со дејство на генитоуринарниот тракт и полови хормони со 119,7 милиони денари или 4,5% од вкупниот фактуриран износ. Од лековите наменети за третман на болести на респираторниот систем во топ десет лекови по вкупни износи влегуваат генериките Salmeterol + fluticasone, кој е на трето место и учествува со 4% во вкупниот износ за лекови на товар на ФЗОМ, Fluticasone кој во вкупната потрошувачка на лекови по износ учествува со приближно 3% и лекот Tiotropium bromide кој минатата година не влегуваше во првите десет генерики според вкупниот фактуриран износ, а во 2016 година се наоѓа на седмо место со 3% учество во вкупниот износ за лекови на рецепт на товар на ФЗОМ.


Од групата на антиинфективни лекови, во топ 10-те генерики според вкупни износи е повторно антибиотикот Amoxicillin+clavulanic acid на кој отпаѓаат околу 82,6 милиони денари или 3% од вкупниот износ за лекови на товар на ФЗОМ. Од групата на кардиолошки лекови влегуваат и генеричките лекови Rosuvastatin (4%), Losartan (3%) и Pentoxifylline (3%). Лекот Metformin кој е од групата на лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот учествува со 3% во вкупниот износ за лекови на товар на ФЗОМ (Табела 8).

Табела 8. Топ 10 лекови по потрошувачкапо износи, 2016 година


р бр	АТЦ код	Генеричко име на лекот	Износ на терет на ФЗОМ (денари)	% Удел во вкупен износ	% осигуреници
1	C10AA05	Atorvastatin	133.021.923	5,07%	5,90%
2	G04CA02	Tamsulosin	119.771.932	4,56%	2,30%
3	R03AK06	Salmeterol + fluticasone	104.203.560	3,97%	0,51%
4	C10AA07	Rosuvastatin	101.384.978	3,86%	3,75%
5	J01CR02	Amoxicillin + clavulanic acid	82.593.531	3,15%	19,44%
6	C09CA01	Losartan	81.489.760	3,10%	3,11%
7	R03BB04	Tiotropium bromide	73.061.732	2,78%	0,40%
8	A10BA02	Metformin	72.349.882	2,76%	4,94%
9	R03BA05	Fluticasone	69.293.272	2,64%	1,52%
10	C04AD03	Pentoxifylline	67.030.132	2,55%	3,33%
		Вкупно АТЦ ниво петто - Топ 10	**904.200.703**	**34,43%**	
		Вкупно АТЦ ниво пет-останати лекови	**1.721.919.615**	**65,57%**	
		Вкупно	**2.626.120.318**	**100,00%**	

Во Графикон 21 прикажан е уделот на топ десет лекови по вкупен износ и останатите лекови во вкупниот износ за 2016 година. Од тука може да се забележи дека 34,4% од износот за лекови се однесува на десете најпотрошувани генерици по износ, а останатите лекови опфаќаат 65,6% од средствата наменети за лекови на товар на ФЗОМ. Вкупните износи за топ 10-те лекови по квартали се дадени во Графикон 22.

Графикон 21. Приказ на уделот на потрошувачката на топ 10 лекови и останати лекови во вкупната потрошувачка на лекови по вкупен износ, АТЦ ниво V, 2016 година



Графикон 22. Вкупни износи за топ 10- те лекови по АТЦ ниво V по квартали, 2016 година




4. Потрошувачка на лекови според старосни групи на осигуреници и вид на терапија (А/Х/Н)

Од вкупниот број на реализирани рецепти за лекови од примарната Листа на лекови во 2016 година за хронични заболувања се 87,05%, за акутни заболувања биле реализирани 12,78%, а за лекови од групата на наркотици и опијати се 0,18% од реализираните рецепти за овој период. Процентот на учеството на рецептите за пропишана хронична терапија во вкупниот број на реализирани рецепти во 2016 година е за приближно 0,9% повисок од 2015 година, а за исто толку учеството на акутната терапија во вкупниот број на рецепти во 2016 година е пониска од учеството кое го имала во 2015 година. Во однос на вкупниот фактуриран износ за лекови на рецепт во 2016 година лековите за хронични заболувања имаат учество од 84,6%, износот на

рецептите за лековите за акутни заболувања учествува со 15,3% во вкупниот износ, додека за наркотици и опијати отпаѓаат 0,13%.

Графикон 23. Приказ на учеството на рецепти и износи за А/Х/Н терапија, 2016 година



Учеството во потрошувачката на лекови на рецепт на товар на ФЗОМ од 2014-2016 година на старосните групи е прикажана во Табелата 9.

Табела 9. Преглед на потрошувачка на лекови по број на рецепти и вкупен износ по старосни групи изразен во проценти, 2014-2016 година

Вид на рецепт/старосна група на осигуреници	Процент од вкупен број на рецепти 2014 година	Процент од вкупен број на рецепти 2015 година	Процент од вкупен број на рецепти 2016 година	Процент од вкупен износ на терет на ФЗОМ 2014 година	Процент од вкупен износ на терет на ФЗОМ 2015 година	Процент од вкупен износ на терет на ФЗОМ 2016 година
Наркотика и опијати	**0,34%**	**0,20%**	**0,18%**	**0,29%**	**0,14%**	**0,13%**
Од 0 до 6 години	0,01%	0,00%	0,00%	0,01%	0,00%	0,00%
Од 6 до 18 години	0,01%	0,00%	0,00%	0,01%	0,00%	0,00%
Од 18 до 34 години	0,03%	0,02%	0,02%	0,03%	0,02%	0,02%
Од 34 до 65 години	0,17%	0,11%	0,10%	0,15%	0,08%	0,07%
постари од 65 години	0,12%	0,06%	0,05%	0,10%	0,04%	0,04%
Акутна терапија	**14,42%**	**13,62%**	**12,78%**	**17,69%**	**16,24%**	**15,25%**
Од 0 до 6 години	3,19%	2,71%	2,66%	3,40%	2,81%	2,69%
Од 6 до 18 години	2,07%	1,98%	1,78%	2,42%	2,22%	1,94%
Од 18 до 34 години	1,98%	1,87%	1,77%	2,71%	2,45%	2,34%
Од 34 до 65 години	5,09%	4,95%	4,66%	6,55%	6,18%	5,89%
постари од 65 години	2,10%	2,11%	1,90%	2,61%	2,58%	2,39%
Хронична терапија	**85,24%**	**86,18%**	**87,05%**	**82,02%**	**83,62%**	**84,61%**
Од 0 до 6 години	0,42%	0,38%	0,41%	0,64%	0,58%	0,60%
Од 6 до 18 години	0,53%	0,51%	0,52%	1,29%	1,22%	1,17%
Од 18 до 34 години	2,20%	2,13%	2,16%	3,95%	3,67%	3,63%
Од 34 до 65 години	41,01%	40,04%	41,17%	39,19%	38,44%	39,39%
постари од 65 години	41,08%	43,12%	42,79%	36,95%	39,70%	39,83%


Од Табелата 9 се забележува дека за лекови за хронични заболувања најмногу рецепти во 2016 година се реализирани за осигуреници постари од 65 години со околу 42,8% или 9,5 милиони рецепти и за осигуреници на возраст од 34 - 65 години со околу 41,2% од вкупниот број на рецепти за 2016 година или 9,16 милиони рецепти, а и генерално за овие две возрасни групи на осигуреници се реализирани најмногу рецепти. Имено, на овие две старосни групи отпаѓаат 84% од вкупниот број на реализирани рецепти 2016 година. За лековите за акутни заболувања и за лековите од групата на наркотика најмногу рецепти во 2016 година се

реализирани за осигуреници на возраст од 34 до 65 години и тоа околу 4,7% , од вкупниот број на рецепти се за лековите за актни заболувања и околу 0,10% за лековите од групата наркотика.

Во вкупниот износ за хронична терапија старосните групи >65 и од 34 - 65 години учествуваат со речиси ист процент, односно осигурениците на возраст од 34 - 65 години учествуваат со 39,4%, додека пак осигурениците постари од 65 години со 39,8%. Вкупно, околу 79,2% од вкупниот фактуриран износ за лекови на рецепт за 2016 година отпаѓа на лекови за хронична терапија на пациенти постари од 34 години. Во фактурираниот износ за акутна терапија и наркотика најголемо учество имаат осигурениците на возраст од 34 до 65 години и тоа со 5,9% учество во акутната терапија, и со 0,07% во лековите од групата на наркотика.

Најголем процент, 46%, од вкупниот број на рецепти се реализирани од осигуреници на возраст помеѓу 34 и 65 години, за осигурениците со над 65 години старост се 45% од рецептите, а за осигурениците на возраст од 18-34 години се 4% од рецептите. Најмал процент на учество во вкупниот број на реализирани рецепти за 2016 имаат рецептите за деца од 0-6 години и од 6 -18 години со 3,1% односно со 2,3 %. Учеството на рецепти и износи по старосни групи на осигуреници е прикажано во Графикон 24.

Графикон 24. Учеството на рецепти и износи по старосни групи на осигуреници, 2016 година



5. Потрошувачка на лекови на рецепт на товар на Фондот по подрачни служби

Во 2016 година се бележи зголемување на бројот на реализирани рецепти во однос на 2015 година во сите подрачни служби на Фондот, а бројот на дефинирани дневни дози на 1000 осигуреници на ден е зголемен во 28 подрачни служби, а незначително намалување има во ПС Дебар и ПС Неготино. Најголем пораст од околу 12% во однос на 2015 година е забележано во ПС Валандово и на бројот на реализираните рецепти и на ДДД/1000осигуреници/ден.

Во Табелата 10 е даден преглед на бројот на реализирани рецепти за лекови по подрачни служби на Фондот и по број на дефинирани дневни дози на лек на 1000 осигуреници на ден (ДДД/1000 осигуреници/ден) и споредба на просечниот број на рецепти по осигуреник за 2015/2016 година.

Најголем број на рецепти се реализирани на територијата на ФЗО Подрачна служба Скопје со вкупно 6.920.473 рецепти или околу 31% од вкупно реализираните рецепти во 2016 година. Втора Подрачна служба по бројот на реализирани рецепти е Тетово во која се реализирани вкупно 1.495.868 (6,7%) рецепти, а во

Подрачна служба Битола се реализирани вкупно 1.334.545 (околу 6%) рецепти за лекови на товар на ФЗОМ. Најмал број на рецепти се реализирале во Крушево, вкупно 67.031 рецепти односно само 0,3% од вкупно реализираните рецепти.

Табела 10. Потрошувачка на лекови во ПЗЗ по Подрачни служби на ФЗОМ, 2016/2015 година

Р.бр.	ФЗО Подрачна служба	Вкупен број на рецепти 2015	Вкупен број на рецепти 2016	DDD/1000 осиг./ден 2015	DDD/1000 осиг./ден 2016	Број на осигуреници 2015	Број на осигуреници 2016	Просечен број на рецепти по осигуреник 2015	Просечен број на рецепти по осигуреник 2016	Удел во вкупен број на рецепти 2016
1	БЕРОВО	251.273	269.264	910	967	15.081	15.309	17	18	1,21%
2	БИТОЛА	1.260.285	1.334.545	667	686	93.168	95.945	14	14	5,99%
3	БРОД	81.187	83.970	544	559	7.569	7.783	11	11	0,38%
4	ВАЛАНДОВО	132.279	148.033	696	781	9.761	10.066	14	15	0,66%
5	ВИНИЦА	193.802	209.259	706	748	15.632	15.962	12	13	0,94%
6	ГЕВГЕЛИЈА	485.946	513.840	818	861	30.300	31.035	16	17	2,31%
7	ГОСТИВАР	749.108	812.238	455	480	81.746	84.394	9	10	3,65%
8	ДЕБАР	176.842	180.928	451	449	19.205	20.112	9	9	0,81%
9	ДЕЛЧЕВО	329.910	344.270	842	863	20.323	20.697	16	17	1,55%
10	ДЕМИР ХИСАР	98.270	103.898	695	729	6.960	7.038	14	15	0,47%
11	КАВАДАРЦИ	546.217	564.858	705	714	43.556	44.586	13	13	2,54%
12	КИЧЕВО	641.396	660.141	821	845	40.643	41.970	16	16	2,96%
13	КОЧАНИ	538.141	559.877	775	790	38.090	39.121	14	14	2,51%
14	КРАТОВО	88.423	93.946	674	711	7.104	7.221	12	13	0,42%
15	КРИВА ПАЛАНКА	239.395	258.086	644	677	19.226	19.705	12	13	1,16%
16	КРУШЕВО	60.644	67.031	391	419	8.347	8.592	7	8	0,30%
17	КУМАНОВО	1.189.229	1.268.109	532	554	113.834	117.707	10	11	5,69%
18	НЕГОТИНО	304.418	314.179	920	919	17.828	18.477	17	17	1,41%
19	ОХРИД	818.390	874.655	797	838	54.336	55.658	15	16	3,93%
20	ПРИЛЕП	1.138.181	1.211.146	756	788	84.446	86.999	13	14	5,44%
21	ПРОБИШТИП	158.006	167.041	691	717	12.270	12.585	13	13	0,75%
22	РАДОВИШ	225.715	236.591	472	505	25.938	26.689	9	9	1,06%
23	РЕСЕН	215.655	227.407	740	756	14.740	15.252	15	15	1,02%
24	СВЕТИ НИКОЛЕ	169.491	184.020	534	565	16.529	16.998	10	11	0,83%
25	СКОПЈЕ	6.663.032	6.920.473	569	581	609.870	624.561	11	11	31,07%
26	СТРУГА	617.782	675.444	608	648	49.372	51.427	13	13	3,03%
27	СТРУМИЦА	1.028.512	1.078.176	700	718	81.840	83.901	13	13	4,84%
28	ТЕТОВО	1.386.070	1.495.868	447	470	156.792	162.110	9	9	6,72%
29	ВЕЛЕС	742.360	783.484	689	713	55.160	56.882	13	14	3,52%
30	ШТИП	599.667	633.511	583	613	53.328	54.229	11	12	2,84%
	ВКУПНО МК	**21.129.626**	**22.274.288**	**Прос. 661**	**Прос. 689**	**1.802.992**	**1.853.010**	**Прос. 11,7**	**Прос. 12,02**	**100,00%**
	Разлика 2016/2015 година	5,42%		4,18%				2,57%		

****- Земен е просечниот број на осигуреници по ФЗО ПС за 2016 година***

Најголема потрошувачка според ДДД на лекови во 2016 година е забележана во Берово со 967 ДДД/1000 ос./ден. Неготино, кое во 2015 година беше на прво место според потрошени ДДД, во истиот период 2016 година е на второ место со потрошени 919 единици ДДД на 1000 осигуреници на ден. Во Делчево се потрошени 863 единици ДДД на 1000 осигуреници на ден, а во Гевгелија 861 единици ДДД на 1000 осигуреници на ден. Во Крушево се користени најмалку лекови, односно 419 единици ДДД на 1000 осигуреници на ден. Просечно, секој ден за 1000 осигуреници во Република Македонија на рецепт на товар на ФЗОМ се трошеле 689 ДДД единици или за 28 единици повеќе од истиот период во 2015 година.

Во Табелата 11 дадена е споредбата за вкупните износи по подрачни служби како и просечните износи по осигуреник за 2015 и 2016 година. Скопје е на прво место со 861.107.753 денари односно 32,8 % од вкупниот износ за лекови на рецепт, а втора по вкупен износ за лекови од примарна здравствена заштита е Тетово во која вкупниот износ за лекови изнесува 176.320.000 денари или 6,7% од вкупниот износ на ниво на Република Македонија. Во подрачната служба Куманово вкупниот износ изнесува 158.049.700 денари или 6%

од вкупниот фактуриран износ, со што оваа Подрачна служба се наоѓа на трето место по износи за лекови на рецепт.

Табела 11. Потрошувачка на лекови на рецепт по ФЗО подрачни служби, по износи, 2015-2016 година

Р.бр.	ФЗО Подрачна служба	Вкупен износ (денари) 2015 година	Вкупен износ (денари) 2016 година	Удел во вкупниот износ за 2016 година	Просечен износ на лекови на рецепт по осигуреник 2015 година (денари)	Просечен износ на лекови на рецепт по осигуреник 2016 година (денари)	Разлика на просечен износ на лекови на рецепт по осигуреник 2016/2015 година (денари)
1	БЕРОВО	24.449.440	27.428.342	1,04%	1.621,24	1.818,77	197,53
2	БИТОЛА	132.589.589	147.339.081	5,61%	1.423,13	1.581,44	158,31
3	БРОД	7.097.637	7.878.198	0,30%	937,79	1.040,92	103,13
4	ВАЛАНДОВО	12.943.079	15.170.631	0,58%	1.326,05	1.554,27	228,22
5	ВИНИЦА	20.583.727	23.015.437	0,88%	1.316,74	1.472,29	155,56
6	ГЕВГЕЛИЈА	47.474.035	52.110.820	1,98%	1.566,80	1.719,83	153,03
7	ГОСТИВАР	95.181.089	103.594.745	3,94%	1.164,35	1.267,28	102,92
8	ДЕБАР	19.686.956	20.878.651	0,80%	1.025,10	1.087,15	62,05
9	ДЕЛЧЕВО	33.632.584	35.787.922	1,36%	1.654,89	1.760,95	106,05
10	ДЕМИР ХИСАР	8.680.919	9.479.470	0,36%	1.247,21	1.361,94	114,73
11	КАВАДАРЦИ	66.393.400	72.017.390	2,74%	1.524,32	1.653,44	129,12
12	КИЧЕВО	64.710.449	69.838.441	2,66%	1.592,16	1.718,33	126,17
13	КОЧАНИ	60.535.593	64.953.153	2,47%	1.589,29	1.705,27	115,98
14	КРАТОВО	9.560.100	10.145.159	0,39%	1.345,81	1.428,17	82,36
15	КРИВА ПАЛАНКА	26.874.477	29.589.612	1,13%	1.397,83	1.539,05	141,22
16	КРУШЕВО	7.132.262	7.832.211	0,30%	854,51	938,37	83,86
17	КУМАНОВО	144.377.493	158.049.700	6,02%	1.268,32	1.388,42	120,11
18	НЕГОТИНО	28.632.013	29.844.601	1,14%	1.606,01	1.674,03	68,02
19	ОХРИД	95.496.024	104.042.495	3,96%	1.757,50	1.914,79	157,29
20	ПРИЛЕП	128.265.289	141.082.864	5,37%	1.518,90	1.670,68	151,78
21	ПРОБИШТИП	15.957.999	17.306.928	0,66%	1.300,60	1.410,54	109,94
22	РАДОВИШ	26.490.177	29.544.094	1,13%	1.021,30	1.139,04	117,74
23	РЕСЕН	23.271.307	25.774.091	0,98%	1.578,75	1.748,54	169,79
24	СВЕТИ НИКОЛЕ	19.443.711	21.207.265	0,81%	1.176,37	1.283,06	106,7
25	СКОПЈЕ	816.428.382	861.107.753	32,79%	1.338,69	1.411,95	73,26
26	СТРУГА	68.742.644	77.318.167	2,94%	1.392,35	1.566,05	173,69
27	СТРУМИЦА	108.388.565	119.605.512	4,55%	1.324,39	1.461,45	137,06
28	ТЕТОВО	159.490.780	176.320.000	6,71%	1.017,22	1.124,55	107,34
29	ВЕЛЕС	83.159.481	92.536.847	3,52%	1.507,60	1.677,61	170
30	ШТИП	69.985.933	75.320.737	2,87%	1.312,37	1.412,41	100,04
	ВКУПНО МК	**2.425.655.134**	**2.626.120.318**	**100,00%**	**Прос. 1345,35**	**Прос. 1417,22**	
Разлика 2016/2015 година		**8%**			**5%**		


Најмал вкупен износ за лекови на рецепт на товар на ФЗОМ е фактуриран од аптеки во Подрачна служба Крушево и тоа се 0,3% од вкупниот износ за лекови на товар на ФЗОМ.

На ниво на РМ во 2016 година просечно се реализирани 12,02 рецепти по осигуреник, што е зголемување за околу 2,6% во однос на 2015 година.

Според бројот на реализирани рецепти просечно по осигуреник по подрачни служби на Фондот (Графикон 25) се гледа дека најмногу рецепти по осигуреник се реализирани во Подрачна служба Берово со просечно 17,6 рецепти по осигуреник, во Подрачна служба Неготино се реализирани просечно по 17 рецепти


по осигуреник, додека во Подрачна служба Делчево по осигуреник се реализирани просечно по 16,6 рецепти во анализираниот период. Најмал број на рецепти по осигуреник се реализирани во Подрачна служба Крушево со 7,8 рецепти по осигуреник просечно и во споредба со истиот период минатата година има зголемување за 7,4%.

Графикон 25. Просечен број на реализирани рецепти по осигуреник по Подрачна служба на ФЗОМ, 2015/2016



Просечно најмногу средства за лекови на товар на ФЗОМ (Графикон 26) се фактурирани во Охрид, околу 1.914,8 денари по осигуреник што е повеќе за приближно 9% во споредба со истиот период минатата година. Во Берово се фактурирани просечно околу 1,818,8 денари по осигуреник или 12,2% повеќе, а во Делчево повеќе за околу 6,4% или 1.760,9 денари. Најмалку средства по осигуреник за лекови од примарна здравствена заштита се фактурирани во Крушево каде просечниот износ за лекови е околу 938,4 денари по осигуреник, што претставува зголемување од 9,8% во споредба со истиот период минатата година. На ниво на РМ, во 2016 година просечно се фактурирни околу 1.417 денари по осигуреник, што е за 5,3% повеќе во споредба со истиот период претходната година.

Графикон 26. Просечен износ во денари по осигуреник по Подрачна служба на ФЗО, 2015/2016 година



Правото да подигнат лек на рецепт на товар на ФЗОМ осигурениците можат да го остварат во било која аптека со склучен договор со Фондот, во секој град односно населено место во државата, независно од тоа

која е матичната подрачна служба на Фондот на осигуреното лице. Во Табелата 12 е даден приказ за учеството на реализираните рецепти и износите за лекови подигнати за осигуреници во аптеки во нематична подрачна служба на ФЗО.

Табела 12. Учество во реализирани рецепти и вкупни износи за лекови за осигуреници во аптеки од нематична подрачна служба на ФЗО

Р.бр	ФЗО Подрачна служба	Учество на реализирани рецепти за осигуреници вон матична подрачна служба (%)	Учество на вкупни фактурирани износи за осигуреници вон матична подрачна служба (%)
1	БЕРОВО	4%	4%
2	БИТОЛА	3%	4%
3	БРОД	11%	14%
4	ВАЛАНДОВО	18%	24%
5	ВЕЛЕС	7%	9%
6	ВИНИЦА	5%	6%
7	ГЕВГЕЛИЈА	4%	5%
8	ГОСТИВАР	3%	3%
9	ДЕБАР	12%	13%
10	ДЕЛЧЕВО	5%	5%
11	ДЕМИР ХИСАР	10%	12%
12	КАВАДАРЦИ	4%	5%
13	КИЧЕВО	7%	8%
14	КОЧАНИ	4%	5%
15	КРАТОВО	8%	8%
16	КРИВА ПАЛАНКА	8%	9%
17	КРУШЕВО	8%	8%
18	КУМАНОВО	5%	5%
19	НЕГОТИНО	10%	11%
20	ОХРИД	6%	7%
21	ПРИЛЕП	5%	6%
22	ПРОБИШТИП	6%	7%
23	РАДОВИШ	4%	6%
24	РЕСЕН	5%	6%
25	СВЕТИ НИКОЛЕ	6%	6%
26	СКОПЈЕ	2%	3%
27	СТРУГА	7%	8%
28	СТРУМИЦА	3%	3%
29	ТЕТОВО	4%	4%
30	ШТИП	3%	4%


Од табелата 12 горе може да се забележи дека во Валандово од вкупниот број на реализирани рецепти околу 18% се за осигуреници на кои ФЗО ПС Валандово не им е матична подрачна служба, соодветно на тоа и процентот на фактурираниот износ за издадени лекови на осигуреници од други подрачни служби во

Валандово изнесува 24%. Во останатите подрачни служби бројот на реализирани рецепти за осигуреници осигурани во други подрачни служби достигнува до 12%, а процентот на износите за овие рецепти достигнува до 14%.

6. Потрошувачка на лекови на рецепт на товар на ФЗОМ по региони

Анализата на потрошувачката на лекови на рецепт по региони[3] во РМ покажува дека, исто како на ниво на РМ, во сите региони на прво место според бројот на реализирани рецепти се лековите за кардиоваскуларниот систем, на второ место се лековите со дејство на централниот нервен систем со исклучок на Полошкиот регион каде на второ место се лековите со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот, која група во сите останите региони е на трето место. Приказ на бројот на реализирани рецепти за лекови во примарната листа на лекови е даден во Графикон 27.


Графикон 27. Број на реализирани рецепти за лекови од примарната Листа на лекови, по АТС групи и по региони, 2016 година



Во Графиконот 28 даден е приказ на средствата за лекови од примарната Листа на лекови по региони од кој може да се забележи дека на прво место се повторно лековите од групата С – за кардиоваскуларен систем. Лековите од АТЦ групата R кои се на второ место според вкупните износи на ниво на Р. Македонија, се на второ место и во следните региони: Полошки, Североисточен, Скопски и Вардарски, во овие региони на трето место се лековите лековите од групата N – за ЦНС, со исклучок на Североисточниот каде на трето место се антиинфективните лекови за системска употреба (АТЦ група J). Во останатите региони лековите од АТЦ групата R се на трето место според фактурираните износи, а на второ место се лековите од групата N – за ЦНС.

[3] **Региони во РМ**: ***Вардарски***: Кавадарци, Неготино, Свети Николе, Велес; ***Источен:*** Берово, Виница, Делчево, Кочани, Пробиштип, Штип; ***Југозападен***: Брод, Дебар,Кичево, Охрид, Струга; ***Југоисточен***: Валандово, Гевгелија, Радовиш, Струмица; ***Пелагониски***: Битола, Демир Хисар, Крушево, Прилеп, Ресен; ***Полошки*****:** Гостивар, Тетово; ***Североисточен***: Кратово, Крива Паланка, Куманово; ***Скопски*****:** Скопје

Графикон 28. Вкупни износи за лекови по АТС групи, по региони, 2016



Во Скопскиот регион се забележува најголема потрошувачка на лекови на рецепт, а најмала во Североисточниот регион (Графикон 29).

Графикон 29. Број на реализирани рецепти и вкупни износи по региони, 2016 година




Просечниот број на рецепти по осигуреник по региони во 2016 година е зголемен во сите региони во однос 2015 година (Табела 13). Најголема потрошувачка на лекови според просечниот број на реализирани рецепти по осигуреник е забележана во Југозападниот регион со приближно 14 рецепти по осигуреник. Најмала потрошувачка на лекови, според бројот, на реализирани рецепти по осигуреник е забележана во Полошкиот регион со 9,36 рецепти по осигуреник, каде се забележува и процентуално најголемо зголемување на просечниот број на рецепти во однос на 2015 од околу 4,6%.

Табела 13. Просечен број на рецепти по осигуреник по регион, 2015/2016 година

Регион	2015 година	2016 година	Разлика 2016/2015
Вардарски	13,24	13,48	0,24
Источен	13,38	13,83	0,44
Југозападен	13,65	13,99	0,34
Југоисточен	12,67	13,03	0,37
Пелагониски	13,35	13,77	0,41
Полошки	8,95	9,36	0,41
Североисточен	10,82	11,2	0,38
Скопски	10,93	11,08	0,16

Во Графиконот 30 подолу е даден графички приказ на потрошувачката на лекови на товар на ФЗОМ по просечен број на реализирани рецепти по осигуреник и по регион.

Графикон 30. Просечен број на реализирани рецепти по осигуреник, по регион, 2016 година




7. Топ 10 лекови по ФЗО подрачни служби во 2016 година

Анализата за тоа кои се најкористените лекови по подрачни служби на ФЗО, покажува дека лековите не се користат подеднакво во сите градови во РМ, а тоа зависи и од структурата на населението и од навиките односно рутините на пропишувањето лекови на рецепт од лекарите.

Од Графиконот 31 може да се забележи дека бројот на реализирани рецепти на најпотрошуваните десет лекови е најголем во Скопје со реализирани околу 31,7% од вкупниот број на рецепти за овие 10 лека. Учеството на бројот на реализирани рецепти за овие лекови од Скопје во вкупниот број на реализирани рецепти е зголемено во 2016 година за околу 0,4% во однос на 2015 година.


Во Подрачната служба Битола се реализирани околу 6,08 % со што оваа Подрачната служба е втора по потрошувачка на топ 10 генерики. Трета по бројот на реализирани рецепти за топ 10 генерики во 2016 година е Прилеп со околу 6,04% од вкупниот број на рецепти. Најмал број на реализирани рецепти од најпотрошуваните лекови има во Крушево (0,31%). Во речиси сите подрачни служби најпотрошуван лек е enalapril, со исклучок на Кратово каде најпотрошуван е лекот lisinopril, кој е од истата група како и enalapril.

Графикон 31. Топ 10 лекови по подрачни служби, по број на реализирани рецепти во 2016 година




Анализата на потрошувачката на 10-те најпотрошувани лекови по ДДД/1000/ден покажа дека, исто како и во претходните години, најпотрошувана генерика е Enalapril во сите подрачни служби, освен во подрачните служби Пробиштип каде најпотрошуван лек е Lisinopril , што може да се види од Графиконот 32. Иако во Скопје имало најголем број на реализирани рецепти за лекот Enalapril, според параметарот за тоа колкава количина на лек по дневни дози е пресметана просечно за 1000 осигуреници на ден (ДДД/1000/ден), произлегува дека лекот со генерика Enalapril е најкористен во Берово.

Графикон 32. Топ 10 лекови по ДДД/1000 ос./ден по ФЗО Подрачни служби, 2016 година



Во однос на вкупните износи за најпотрошуваните десет генерики, најголемо учество има Подрачна служба Скопје со околу 35%, па потоа следат Подрачната служба Тетово со околу 6,4% и Подрачна служба Прилеп со околу 5,9 %. Најмало учество во средствата за најпотрошуваните десет генерики има Подрачна служба Македонски Брод (0,27%) (Графикон 33).

Графикон 33. Вкупни износи за 10-те најпотрошувани лекови по ФЗО подрачни служби, 2016 година




8. Потрошувачка на лекови кои се без доплата од осигурениците

Утврдувањето на референтните цени на лекови е транспарентен, динамичен и континуиран процес кој се врши според методологијата на Фондот за цени на лекови, при што се компарираат и усогласуваат референтните цени на лековите од Листата на лекови со цените на лековите во нашата држава и во референтните земји. Со досегашните ревизии на референтните цени на лековите се постигна повеќекратно намалување на референтните цени на лекови, така што кај некои лекови има намалување на референтнтите цени и до приближно 90%. На овој начин се постигна да во рамките на истиот буџет за лекови на

осигурениците им се обезбедуваат поголем број на лекови. Преку воведениот систем на референтни цени на лекови од Листата на лекови кои ги надоместува Фондот, Фондот исто така континуирано се залага да постигне референтни цени на лекови со кои се обезбедуваат повеќе лекови без доплата за осируениците со тенденција да има најмалку по еден готов лек за секоја генерика (состав на лек) без доплата од осигурениците односно само со партиципација согласно законските прописи. Во 2016 година од вкупно 427 лекови по генерика од примарната Листа на лекови, 322 лека односно околу 75,4% од лековите по генерика на товар на Фондот за примарна здравствена заштита се обезбедени без доплата за осигурениците.


Сумарно, од 2009 година кога само 77 лекови или околу 20% од вкупниот број на лекови за ПЗЗ биле без доплата, во 2016 година бројката на лекови по генерики без доплата е 322 лек или околу 75,4% од вкупниот број на лекови на рецепт со утврдена референтна цена се без доплата од осигурениците на Фондот или за околу четири пати повеќе лекови без доплата по генерика од претходно. Трендот на намалување на цени на лекови во Република Македонија има влијание и врз бројот на лекови кои се обезбедуваат за осигурените лица без доплата.

Графикон 34: Споредба за лекови по генеричко име со референтна цена за ПЗЗ, според доплата 2009-2016 година



Бројот на лекови без доплата по заштитено име од различни производители во 2009 година бил 166 или околу 18,5% од вкупниот број на лекови по заштитено име со референтна цена, додека во 2016 година лековите без доплата достигнаа бројка од 499 лекови или 41,5% од вкупниот број на лекови на рецепт со утврдена референтна цена кои можат да се подигнат на рецепт на товар на ФЗОМ во аптека, или три пати повеќе од претходно, што може да се види од Графиконот 35.

Графикон 35: Споредба на лекови по заштитено име со референтна цена за ПЗЗ, според доплата 2009-2016 година



Во 2016 година лековите без доплата имаат учество во вкупната потрошувачка од 17,3% во вкупниот број на реализирани рецепти или околу 3,86 милиони рецепти, односно од 39,8% во вкупниот фактуриран износ за лекови или приближно 1,04 милијарди денари. По континуираното намалување на учеството на овие лекови во вкупната потрошувачка на лекови на рецепт, во 2016 година учеството на лековите кои се

обезбедени без доплата за осигурениците во вкупната потрошувачка е незначително зголемен и тоа околу за 0,25% во бројот на реализирани рецепти и за 0,54% во вкупните износи.

Графикон 36. Учество на лековите без доплата во потрошувачката (%),2012- 2016 година



Една од мерките на Фондот за да обезбеди на осигурениците да им се што подостапни лекови без доплата е и тоа што аптеките се задолжени во секое време да располагаат со најмалку еден готов лек без доплата за најпотрошуваните лекови-генерики дадени со Образецот ГЛБД (генерички лекови без доплата) кој е наменет за аптеките и тие треба задолжително да набавуваат лекови според тој образец. За ваквите лекови во 2016 година се реализирани 1.437.848 рецепти со износ од 233.053.551 денари, што претставува 6,5% од вкупниот број на рецепти и 8,9% од вкупниот износ за лекови на рецепт за 2016 година.

9. Потрошувачка на скапи лекови на рецепт на товар на Фондот

Во 2010 година донесена е Одлука за утврдување на т.н. скапи лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ, а тоа се лекови кои се издаваат на рецепт на товар на Фондот во аптеките надвор од нивниот определен месечен финаниски лимит (квоти), со што е овозможено непречено снабдување на осигурениците со овие лекови.

Вкупниот износ за скапите лекови во 2016 година изнесува приближно 72,64 милиони денари што е околу 2,76% од вкупните средства за лекови на рецепт. Вкупниот износ на овие лекови намален за износот на наплатена партиципација и износот на услугата за издадени лекови на рецепт изнесува 64,7 милиони денари.

Најголема потрошувачка по број на рецепти од скапите лекови во ПЗЗ во 2016 година, исто како и претходните години, има лекот amilase+lipase+protease со 15.474 реализирани рецепти, кој се наоѓа на Листата на лекови за примарна здравствена заштита за индикација - докажана инсуфициенција на панкреас и спаѓа во групата на ензимски препарати, а додека најголем износ е фактуриран за лекот mycophenolic acid (~16,2 милиони денари или околу 22,2% од вкупниот износ за скапи лекови) кој спаѓа во групата на имуносупресиви и се наоѓа на Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ за индикација трансплантација на органи.

Потрошувачката на скапите лекови за периодот 2013-2016 година е прикажана во Табела 14.

Табела 14: Потрошувачка на скапи лекови за ПЗЗ, 2013-2016 година

		2013 година		2014 година		2015 година		2016 година	
Р.бр	**Генеричко име**	**Број на рецепти**	**Вкупен износ**	**Број на рецепти**	**Вкупен износ**	**Број на рецепти**	**Вкупен износ**	**Број на рецепти**	**Вкупен износ**
1	Mycophenolic acid	3.647	14.684.554	1.108	14.478.236	1.294	16.960.423	1.255	16.168.956
2	Ciclosporin	3.779	6.132.865	3.379	5.370.469	3.247	5.114.063	2.791	4.400.404
3	Ribavirin	510	9.329.145	403	4.948.328	418	4.892.639	311	3.533.342
4	Desmopressin	708	1.773.535	3.123	6.279.664	3.003	5.801.994	2.863	5.475.052
5	Lamivudine	1.529	4.359.548	1.680	4.597.620	1.787	4.541.501	2.188	5.560.799
6	Tacrolimus	677	4.745.372	2.057	4.247.097	2.207	3.537.966	2.315	3.454.635
7	Clodronic acid	280	2.055.636	174	1.272.475	152	1.083.216	121	862.293
8	Morphine	0	0	81	50.963	185	114.313	177	109.364
9	Amilase+Lipase +Protease	15.751	8.480.196	16.424	10.217.442	14.458	12.062.409	15.474	14.071.485
10	Levetiracetam	4.890	15.166.261	591	1.589.259	723	1.932.586	826	2.208.362
11	Mesalazine	423	686.952	1.356	1.100.901	1.779	1.397.536	1.880	1.504.831
12	Ursodeoxycholic acid	/	/	526	849.515	477	770.369	475	767.145
13	Pramipexole	/	/	3.082	10.826.643	4.127	12.998.742	4.611	14.525.083
	Вкупно	32.194	67.414.064	33.984	65.828.611	33.857	71.207.758	35.287	72.641.750
	% на разлика со истиот период од претходната година			**5,56%**	**-2,35%**	**-0,37%**	**8,17%**	**4,22%**	**2,01%**

10. Потрошувачка на лекови за трансплантирани органи по Програма на Влада на РМ

Согласно Програмата за партиципација при користење на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата – трансплантација на органи во РМ за 2016 година, средствата за партиципација на осигурените лица со трансплантирани органи за набавка на лековите треба да се обезбедуваат преку Буџетот на Република Македонија преку Министерството за здравство на РМ и тоа за лековите:

- Mycophenolic acid таблети 180 mg, 250mg, 360mg и 500mg,
- Ciclosporin таблети 25mg, 50mg, 100mg и раствор 100mg/ml.

Во 2016 година за горенаведените лекови обезбедени за осигурени лица со трансплантирани органи, вкупниот износ е намален за 1,8 милиони денари (-7,8%) во однос на истиот претходната година, а бројот на рецепти е помал за 12,4%. Потрошувачката на лековите за транасплантирани органи по Програма на Влада на РМ е прикажана во Табелата 15.

Табела 15. Број на рецепти за лекови за трансплантирани органи по програма, 2013-2016 година

Р.бр	**Генеричко име на лекот**	**Број на рецепти 2013 година**	**Број на рецепти 2014 година**	**Број на рецепти 2015 година**	**Број на рецепти 2016 година**	**Индекс 2014/2013**	**Индекс 2015/2014**	**Индекс 2016/2015**
1	**Ciclosporin**	**3.245**	**2.917**	**2.801**	**2.331**	**0,9**	**0,96**	**0,83**
2	**Mycophenolic acid**	**3.633**	**3.701**	**3.746**	**3.403**	**1,02**	**1,01**	**0,91**
	Вкупно	**6.878**	**6.618**	**6.547**	**5.734**	**0,96**	**0,99**	**0,88**

Од горната табела се забележува дека кај генериката Ciclosporin има намалување на бројот на реализирани рецепти и тоа за приближно 17% во споредба со 2015 година, додека кај генериката Mycophenolic acid има намалување од околу 9%.

Како што е погоре споменато, пациентите/осигурениците со трансплантирани органи се ослободени од партиципација која за овие лекови за 2016 година изнесува 1.553.220 денари.

Во 2016 година бројот на реализирани рецепти за лекови за трансплантирани органи опфаќаат околу 0,026% од вкупниот број на реализирани рецепти и околу 0,82% од вкупните износи за лекови на товар на Фондот во примарна здравствена заштита.

Табела 16. Вкупни износи за лекови за трансплантирани органи по програма, 2013-2016 година


р.бр.	генеричко име на лекот	Вкупен износ (денари) 2013 година	Вкупен износ (денари) 2014 година	Вкупен износ (денари) 2015 година	Вкупен износ (денари) 2016 година	Индекс 2014/2013	Индекс 2015/2014	Индекс 2016/2015
1	Ciclosporin	4.904.374	4.348.433	4.132.908	3.349.788	0,89	0,95	0,81
2	Mycophenolic acid	14.615.343	16.893.076	19.274.339	18.241.436	1,16	1,14	0,95
	Вкупно	**19.519.717**	**21.241.508**	**23.407.247**	**21.591.224**	**1,09**	**1,1**	**0,92**

11. Потрошувачка на лекови пропишани од лекари во дежурна лекарска служба

Во 2010 година се воведени редовни дежурства на аптеките со цел осигурениците да имаат континуирана здравствена заштита (ноќе, сабота, недела и државни празници), а донесена е и Одлука за утврдување на лекови кои може да ги пропишуваат лекарите во дежурната служба, за кои од 2013 година реализираните рецепти аптеките ги фактурираат надвор од нивниот определен месечен износ (квотите).

Во 2016 година биле реализирани вкупно 3.998 рецепти кои биле пропишани од лекарите во дежурната служба (0,018% од вкупниот број реализирани рецепти), во вкупен износ од 337.265 денари или 0,013% од вкупниот износ (Табела 17 и Графикон 37). Ова претставува намалување од приближно 22% на бројот на реализирани рецепти и на вкупните износи во однос на 2015 година.

Графикон 37. Потрошувачка на лекови пропишани од лакари во дежурна служба, 2013-2016 година




Табела 17. Потрошувачка на лекови од дежурни служби, 2016

	АТС код	Генеричко име на лекот со форма и јачина	Вкупно рецепти	Износ на терет на Фондот (денари)
1	A02BA02	RANITIDINE tabl. (150,00 mg)	145	5.414
2	A03FA01	METOCLOPRAMIDE rastv.za oralna upotreba (5.00mg)/5.00ml	19	1.042
3	A03FA01	METOCLOPRAMIDE tabl. (10.00mg)	35	2.160
4	A07AX03	NIFUROXAZIDE caps. (100.00mg)	7	1.128
5	A07AX03	NIFUROXAZIDE caps. (200.00mg)	274	49.724
6	A07AX03	NIFUROXAZIDE susp (200.00mg)/5.00ml	82	12.595
7	A07BA01	CARBO MEDICINALIS tabl. (150.00mg)	4	490
8	C03CA01	FUROSEMIDE tabl. (40.00mg)	20	579
9	G04BD09	TROSPIUM tabl. (5.00mg)	145	16.758
10	J01CA04	AMOXICILLIN caps. (250.00mg)	72	3.425
11	J01CA04	AMOXICILLIN caps./ tabl. (500.00mg)	473	25.824
12	J01CA04	AMOXICILLIN susp (250.00mg)/5.00ml	620	38.812
13	J01CA04	AMOXICILLIN tabl. (1000,00 mg)	3	258
14	J01CA04	AMOXICILLIN tabl. (750,00 mg)	2	151
15	J01DB01	CEFALEXIN caps. (500.00mg)	641	65.767
16	J01DB01	CEFALEXIN susp (250.00mg)/5.00ml	322	33.844
17	J01EE03	SULFAMETROLE + TRIMETHOPRIM susp (200.00mg + 40.00mg)/5.00ml	48	3.101
18	J01EE03	SULFAMETROLE + TRIMETHOPRIM tabl. (400.00mg + 80.00mg)	103	4.285
19	J01MA02	CIPROFLOXACIN tabl. (500.00mg)	360	23.431
20	J05AB01	ACICLOVIR tabl. (200.00mg)	6	731
21	M01AB05	DICLOFENAC tabl./caps.so prodolzeno/modificirano osloboduvanje (75.00mg)	9	655
22	M01AB05	DICLOFENAC tabl.so prodolzeno/modificirano osloboduvanje (100.00mg)	4	184
23	M01AE03	KETOPROFEN caps. (50.00mg)	14	575
24	M01AE03	KETOPROFEN tabl. (100.00mg)	89	5.428
25	M01AE03	KETOPROFEN tabl.so prodolzeno/modificirano osloboduvanje (150.00mg)	13	1.094
26	M01AE03	KETOPROFEN tabl.so prodolzeno/modificirano osloboduvanje (200.00mg)	2	204
27	N02BE01	PARACETAMOL sir. (120.00mg)/5.00ml	82	6.614
28	N05BA01	DIAZEPAM tabl. (10.00mg)	2	121
29	N05BA01	DIAZEPAM tabl. (2.00mg)	38	858
30	N05BA01	DIAZEPAM tabl. (5.00mg)	98	3.588
31	R03AC02	SALBUTAMOL aerosol (0.10mg)	7	858
32	R03AC02	SALBUTAMOL rast.za inhal. (5.00mg)/1.00ml	7	1.405
33	R03AC02	SALBUTAMOL sir. (2.00mg)/5.00ml	16	1.067
34	R03AC02	SALBUTAMOL tabl. (2.00mg)	4	195
35	R06AE07	CETIRIZINE rastv. (1.00mg)/1.00ml	44	4.594
36	R06AE07	CETIRIZINE tabl. (10,00 mg)	101	8.286
37	S01CA01	DEXAMETHASONE+CHLORAMPHENICOL gutt.o.(1.00mg+5.00mg)/1 ml	48	8.141
38	S03AA07	CIPROFLOXACIN gtt.u.o. (3.00mg)/1.00ml	39	3.878
		Вкупно	**3.998**	**337.265**

Рецепти пропишани од лекарите во дежурната служба се реализирани во 17 подрачни служби на Фондот (Графикон 38).

Графикон 38. Потрошувачка на лекови пропишани на рецепт од лекари во дежурна служба, по број на рецепти по подрачна служба, 2016 година



12. Потрошувачка на лекови од групата на антибиотици и анксиолитици

Со цел рационално пропишување и употреба на лековите, посебно на лековите од групата на антибиотици и анксиолитици, Фондот за здравствено осигурување воведе контролни механизми за избраните лекари преку промена на износот и пресметката на целите на лекарите со посебен акцент на овие две групи на лекови. Во Табела 18 даден е преглед на потрошувачка на лекови на товар на ФЗОМ по број на реализирани рецепти за групата на антибиотици и анксиолитици за период од 2013 до 2016 година.

Табела 18. Реализирани рецепти за антибиотици и анксиолитици,2013-2016 година


Антибиотици			Број на рецепти			
Р.бр	АТЦ код	Генеричко име на лекот	2013 година	2014 година	2015 година	2016 година
1	J01AA02	Doxycycline	3.455	2.969	2.821	2.644
2	J01CA04	Amoxicillin	193.075	217.196	235.260	234.444
3	J01CE10	Benzathine phenoxymethylpenicillin	66.180	56.898	59.152	41.383
4	J01CR02	Amoxicillin +clavulanic acid	476.380	531.317	511.235	544.376
5	J01DB01	Cefalexin	190.322	185.264	180.557	167.975
6	J01DB05	Cefadroxil	49.433	38.853	27.540	25.696
7	J01DC02	Cefuroxime	111.905	125.272	120.487	121.477
8	J01DC04	Cefaclor	62.606	56.280	46.037	45.557
9	J01DD08	Cefixime	53.516	69.101	73.488	84.576
10	J01EE01	Sulfamethoxazole+trimethoprim	31.845	31.127	31.704	31.918
11	J01EE03	Sulfametrole+trimethoprim	37.384	34.373	31.084	26.546
12	J01FA01	Erythromycin	6.671	7.506	7.253	6.230
13	J01FA03	Midecamycin	39.415	37.901	29.950	27.055
14	J01FA09	Clarithromycin	53.170	72.936	93.649	103.929
15	J01FA10	Azithromycin	62.117	99.817	137.802	158.298
16	J01FF01	Clindamycin	26.996	32.212	33.587	35.177
17	J01FF02	Lincomycin	1.174	796	2	
18	J01MA02	Ciprofloxacin	210.974	216.303	205.126	202.130
19	J01MA03	Pefloxacin	5.685	5.393	4.444	3.697
20	J01MA06	Norfloxacin	22.031	22.962	21.222	19.846
21	J01MB04	Pipemidic acid	32.145	33.263	32.542	30.639
		Вкупно антибиотици	1.736.479	1.877.739	1.884.942	1.913.593
				108,13%	**100,38%**	**101,52%**

Анксиолитици			Број на рецепти			
Р.бр	АТЦ код	Генеричко име на лекот	2013 година	2014 година	2015 година	2016 година
1	N05BA01	Diazepam	789.389	886.187	1.030.767	1.073.304
2	N05BA08	Bromazepam	288.813	329.763	382.540	375.982
3	N05BA12	Alprazolam	440.329	480.060	514.474	515.155
		Вкупно анксиолитици	1.518.531	1.696.010	1.927.781	1.964.441
				111,69%	**113,67%**	**101,90%**

Од Табелата 18 може да се види дека во 2016 година зголемување на вкупниот број на реализирани рецепти за лековите од групата на антибиотици изнесува 1,5% во однос на истиот период 2015 година. Гледано

по генерика бројот на реализирани рецепти е намален кај повеќето од генериките од оваа група, додека зголемување има кај се следните генерики: amoxicillin +clavulanic acid, azithromycin, clindamycin, cefixime, cefuroxime, clarithromycin и sulfamethoxazole+trimethoprim. Зголемување на потрошувачката за околу 1,5% на оваа група на лекови во 2016 г во однос на 2015 г има и доколку се врши споредба на бројот на ДДД/1000ос./ден. На прво место според бројот на реализирани рецепти се наоѓа генериката amoxicillin+clavulanic acid, која е на прво место и според бројот на ДДД/1000ос./ден(Графикон 37).


Графикон 39. Потрошувачка на антибиотици по генерики по ДДД/1000 ос./ден, 2014- 2016 година



Анализирано по ДДД/1000/ден, слично како и според бројот на реализирани рецепти намалување на потрошувачката има кај поголемиот дел од генериките со исклучок на amoxicillin, amoxicillin+clavulanic acid, azithromycin, clindamycin, cefixime, и clarithromycin.

Вкупниот број на реализирани рецепти за лековите од групата на анксиолитици е во пораст и во 2016 година, исто како и претходните две години, со тоа што порастот е значително помал од тој во истиот во 2014 и 2015 година и изнесува 1,9%. Пораст на бројот на рецепти има кај diazepam и alprazolam, додека анализирано по ДДД/1000/ден незначитен пораст се забележува само кај diazepam, додека кај другите 2 генерики има намалување (Графикон 38).

Графикон 40. Потрошувачка на анксиолитици по генерики по ДДД/1000ос./ден, 2014- 2016 година



Од Табелата 19 може да се забележи дека во 2016 година и кај двете групи на лекови – антибиотици и анксиолитици има зголемување на износот за 4,2%, односно за 2% во однос на 2015 година. Во следната Табела 19 даден е преглед на потрошувачката на антибиотици и анксиолитици по вкупен износ за период 2013 до 2016 година.

Табела 19. Потрошувачка на антибиотици и анксиолитици по вкупен износ за 2013-2016 година

Р.бр	Антибиотици		Вкупен износ (денари)			
1	АТС код	Генеричко име	2013 година	2014 година	2015 година	2016 година
2	J01AA02	Doxycycline	84.715	78.290	80.155	72.911
3	J01CA04	Amoxicillin	11.124.089	12.499.298	14.006.933	14.485.752
4	J01CE10	Benzathine phenoxymethylpenicillin	20.379.396	17.723.032	18.630.265	12.998.815
5	J01CR02	Amoxicillin +clavulanic acid	79.288.426	84.328.175	75.819.377	82.593.531
6	J01DB01	Cefalexin	19.629.773	19.113.196	18.665.430	17.373.110
7	J01DB05	Cefadroxil	11.649.941	9.124.944	6.498.352	6.057.957
8	J01DC02	Cefuroxime	22.763.863	25.616.263	24.386.225	24.675.646
9	J01DC04	Cefaclor	12.112.748	10.535.632	7.710.883	7.677.117
10	J01DD08	Cefixime	55.656.011	53.967.053	48.326.367	55.841.483
11	J01EE01	Sulfamethoxazole+trimethoprim	1.672.277	1.806.802	1.828.614	1.832.285
12	J01EE03	Sulfametrole+trimethoprim	1.845.229	1.657.245	1.497.119	1.265.094
13	J01FA01	Erythromycin	640.974	1.057.472	1.118.953	964.695
14	J01FA03	Midecamycin	6.774.007	6.415.577	4.972.778	4.501.053
15	J01FA09	Clarithromycin	11.307.093	15.505.519	20.732.558	23.302.682
16	J01FA10	Azithromycin	12.343.006	18.434.377	22.050.673	25.422.784
17	J01FF01	Clindamycin	4.112.508	4.937.823	5.165.007	5.427.032
18	J01FF02	Lincomycin	189.612	126.867	321	
19	J01MA02	Ciprofloxacin	14.705.320	14.482.544	13.755.912	13.403.827
20	J01MA03	Pefloxacin	1.237.376	1.174.056	967.670	821.303
21	J01MA06	Norfloxacin	1.334.249	1.393.142	1.288.864	1.205.527
22	J01MB04	Pipemidic acid	4.887.274	5.181.902	5.210.693	5.001.390
		Вкупно	**293.737.889**	**305.159.209**	**292.713.148**	**304.923.994**
				103,90%	**95,90%**	**104,20%**
Р.бр	Анксиолитици		Вкупен износ (денари)			
	АТС код	Генеричко име	2013 година	2014 година	2015 година	2016 година
1	N05BA01	Diazepam	28.489.848	31.113.909	31.975.683	33.174.832
2	N05BA08	Bromazepam	12.509.794	13.291.720	10.225.556	10.071.060
3	N05BA12	Alprazolam	26.115.614	26.167.554	16.801.414	16.837.370
		Вкупно	**67.115.256**	**70.573.182**	**59.002.652**	**60.083.263**
				105%	**84%**	**102%**

13. Генерален заклучок

Согласно добиените резултати по спроведените анализи кои се дадени со овој извештај, може да се заклучи дека потрошувачката на лекови на рецепт од Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ изминативе години во континуитет е во пораст и осигурениците на Фондот за здравствено осигурување на Македонија се обезбедени со лекови на рецепт на товар на ФЗОМ преку ПЗУ аптеките кои имаат договор со ФЗОМ.